СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

# ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ НА СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Општите правила и услови за користење на платежни картички за физички лица (во понатамошниот текст: Општи правила и услови) се составен дел и претставуваат единствена целина на Рамковниот договор за платежни услуги (во понатамошниот текст: Договор) со кои се уредуваат условите за издавање, користење и затворање на Visa/MasterCard дебитните платежни картички што ги издава Стопанска банка АД – Скопје.

## 1. ДЕФИНИЦИИ

- **Авторизација -** претставува дејствие со кое корисник на картичка дава согласност за извршување платежна трансакција или серија платежни трансакции со картичка;
- **Банка** – Стопанска банка АД - Скопје со седиште во Скопје, ул. „11 Октомври" бр.7;
- **Рамковен договор за платежни услуги** - договор со кој се уредува извршувањето на поединечни и последователни платежни трансакции, како и правата, обврските и условите за отворање, одржување и затворање на платежна сметка во Банката;
- **Платежна картичка** – вид платен инструмент кој му овозможува на плаќачот да иницира трансакција со дебитна или кредитна картичка и којашто може да се користи од имателот за плаќање на стоки и услуги и/или за повлекување и/или внесување готовина;
- **Дебитна картичка** – платежна картичка од брендот Visa или MasterCard која Банката ја издава на Корисникот на картичката и преку која Корисникот може да прави платежни трансакции (готовински и/или безготовински) на товар на платежна сметка која ја има во Банката;
- **Основна картичка –** платежна картичка која се издава на барање на носителот на платежната сметка/сметки со цел располагање со средствата од сметката/сметките преку картичката;
- **Дополнителна картичка** – картичка која на барање на Корисникот и со овластување од Корисникот на основната картичка се издава на дополнителниот корисник на картичката и ги користи средствата од платежната сметката/сметките на Корисникот на основната картичка;
- **Корисник на картичка** – физичко лице на кое Банката му има издадено дебитна картичка и чие име е напишано на картичката;
- **Корисник на основна картичка** – физичко лице кое е носител на платежна сметка/сметки поврзани со картичката, располага со средствата од картичката и се товари за трошоците кои настануваат од нејзиното користење;
- **Корисник на дополнителна картичка –** физичко лице кому му е издадена дополнителна картичка на барање и со овластување од Корисникот на основната картичка кој на тој начин располага со средствата од платежната сметка/сметки на Корисникот на основната картичка;
- **Платежна сметка –** сметка на Корисникот на основната картичка отворена во Банката, која се задолжува/одобрува за износот на трансакциите, трошоците, надоместоците и каматите кои настануваат со користењето на основната и дополнителните дебитни картички во Република Северна Македонија и надвор од Република Северна Македонија;
- **Расположливо салдо на платежна сметка –** средства на располагање (сопствените средства и средствата од дозволеното пречекорување) намалени за сите резервирани средства (за авторизирани, а неискнижени трансакции и резервации по разни основи);
- **Трансакциски месечен лимит –** максимален вкупен износ од трансакции кој Корисникот на картичката може да го користи во рамките на еден месец преку извршување трансакции во трговија и на банкомат;
- **Членарина –** надомест за користење на картичката кој Банката го наплаќа од сметка на Корисникот на картичката;
- **Трошоци и надоместоци –** задолжувања за износот на трансакциите, трошоците, членарините, надоместоците и каматите кои настануваат со користењето на основната и дополнителните картички;
- **Платежна трансакција со дебитна картичка –** платежна трансакција заснована на картичка, вклучително и платежна трансакција со платежна картичка со претплата, којашто не претставува платежна трансакција заснована на кредитна картичка, при што за износот на секоја платежна трансакција направена со употреба на дебитната картичка, веднаш или на крајот на однапред дефиниран период се намалува состојбата на расположливите парични средства на платежната сметка на Корисникот на платежните услуги;
- **Обнова на картичка –** процес на издавање нова картичка непосредно пред истекот на рокот на користење на постојната картичка;
- **Банкомат –** електронски уред кој овозможува исплата на пари во готово, но и други услуги кои Банката ги има овозможено за користење без присуство на вработени од Банката;
- **Продажно место –** трговец кој има склучено Договор за прифаќање платежни картички од програмата на Visa и Mastercard/Maestro;
- **ПОС терминал –** електронски уред инсталиран на продажни места или банкарски шалтери кој служи за електронско спроведување на трансакции;
- **ПИН-код –** таен личен идентификациски број на Корисникот на основната картичка, односно Корисникот на дополнителната картичка, кој служи како

идентификација при користење на картичката на банкомат и ПОС терминал;

- **Премолчено должничко салдо –** е премолчено прифаќање на пречекорување на тековното салдо на платежната сметка на Корисникот, при што Банката му става на располагање на Корисникот парични средства во износ што го надминува тековното салдо на сопствени парични средства на платежната сметка или ако е договорено дозволено пречекорување, го надминува и износот на дозволеното пречекорување.
- **Слип** – потврда од извршена трансакција со картичка;
- **Резервирани средства -** средства кои се веќе потрошени, но сè уште не се потврдени од страна на продажното место;
- **Картична платежна шема** (анг.Payment card scheme) - единствен збир на правила, практики, стандарди и/или упатства за извршување платежни трансакции засновани на картичка, договорени меѓу давателите на платежните услуги, а коишто се одвоени од каква било инфраструктура или платен систем што би ја поддржувале нејзината работа и коишто вклучуваат определен орган на одлучување, организација или субјект, што ја носат одговорноста за функционирањето на шемата;
- **Интернет(веб)-страница на Стопанска банка АД – Скопје** се однесува на: www.stb.com.mk.
- Дигиталниот паричник - е услуга за електронско плаќање што му овозможува на Корисникот на картичката да ја зачува картичката во дигитална форма на уредот (токенизација на платежната картичка) и да врши плаќања користејќи ја картичката во дигитална форма. Дигиталниот паричник работи преку понудувачи на дигитални паричници (Google Pay, Apple Pay, Garmin Pay и слични) овластени од Visa/MasterCard за дигитализација/токенизација на платежни картички кај кои Корисникот ја дигитализира картичката издадена од Стопанска банка АД – Скопје;
- Понудувачи на дигитални паричници - (Google Pay, Apple Pay, Garmin Pay и слични) се овластени од Visa/MasterCard за дигитализација/токенизација на платежни картички и со нивното користење Корисникот потврдува дека ги прифатил нивните услови за работа и прифатил дека Банката не е одговорна за какви било нарушувања или нефункционалност на дигиталните паричници што корисникот на картичката прифатил да ги користи. Банката исто така не е одговорна доколку некоја нејзина картичка не може да се користи во дигитална форма на одредено продажно место преку одреден понудувач на дигитален паричник.
- Дигитализација/токенизација на картичка е процес преку кој чувствителните елементи на платежната картичка (број на картичка, датум на истекување, CVV/CVC код) се енкриптираат во уникатен дигитален идентификатор – токен, кој се користи за извршување на платежни трансакции, а преку кого не може да се фалсификува картичката.

## 2. ИЗДАВАЊЕ НА ДЕБИТНА КАРТИЧКА

Платежна картичка е вид персонализиран платен инструмент (дебитна картичка) којшто повеќекратно се користи за идентификација на Корисникот, за далечински пристап до платежната сметка и/или до претходно утврдено ограничување договорено помеѓу Банката и Корисникот и со којшто може да се иницираат платежни трансакции и други трансакции како што се: промена на ПИН, проверка на состојбата на платежната сметка итн.

Платежната картичка е сопственост на Банката којашто е издавач на картичката.

Платежната картичка се издава за определен рок на важност. Името на овластениот корисник на платежните услуги, бројот на платежната картичка и датумот на истекување на важноста се отпечатени на лицето на картичката.

Банката којашто е издавач на платежната картичка му ја издава картичката на Корисникот во рок не подолг од 28 дена од склучувањето на Рамковниот договор за платежните услуги.

Издавањето на дебитна платежна картичка е платежна услуга која Стопанска банка АД – Скопје ја дава на Корисникот согласно склучениот Рамковниот договор за платежни услуги и овие Општи правила и услови и таа се активира од Корисникот врз основа на поднесување барање за издавање на дебитна платежна картичка поврзана со платежна сметка која Корисникот ја има во Банката. Барање може да се поднесе за издавање на следните дебитни картички на Стопанска банка АД – Скопје:

- Visa Classic, дебитна платежна картичка поврзана со платежна сметка во денари;
- Visa Gold, дебитна платежна картичка поврзана со 2 платежни сметки (една во МКД и друга во ЕУР);
- Visa Интернет, која претставува дебитна платежна картичка поврзана со посебна наменска платежна сметка во МКД. Притоа поднесувањето на барање за издавање на оваа картичка воедно претставува и барање за отворање посебна наменска платежна сметка која се користи со оваа платежна картичка;
- MasterCard дебитна платежна картичка поврзана со платежна сметка во денари;
- MasterCard Platinum дебитна платежна картичка поврзана со платежна сметка во денари.

### 2.1. Услови за издавање на дебитна картичка

Корисник на дебитна картичка може да биде само лице кое има платежна сметка во МКД во Стопанска банка АД – Скопје и има потпишано Рамковен договор за платежни услуги со Банката.

Банката издава дебитни картички на своите клиенти под услови утврдени со овие Општи правила и услови за дебитни картички, кои се составен дел од Рамковниот договор за

платежни услуги.
Картичката се издава врз основа на поднесено барање за издавање и користење на дебитна картичка. Барателот на картичка се обврзува да ги плаќа каматата, надоместоците и провизиите што ги должи за издавање и користење на картичката.
Банката може да издаде дебитна картичка согласно важечката понуда на дебитни картички.
За располагање со средствата на платежната сметка, а на барање на Корисникот кој е сопственик на платежната сметка, Банката издава основна дебитна картичка.
Корисникот може да ополномошти лице за располагање со средствата од платежната сметка преку користење на дебитна картичка, за што Банката издава дополнителна дебитна картичка по барање на Корисникот. Притоа, Корисникот на основната картичка е целосно одговорен, ги презема и ги прифаќа сите трансакции, трошоци и надоместоци што произлегуваат од користењето на дополнителната картичка. Корисникот на основната картичка е должен да го информира Корисникот на дополнителната картичка за начинот и условите за користење на дебитната картичка дефинирани во овие Општи правила и услови, при што Корисникот на основната картичка ја сноси одговорноста дебитните картички да се користат согласно овие Општи правила и услови.

**2.2. Важност и обновување на картичката**

Основната картичка е со рок на важење од најмалку две години од денот на нејзиното издавање, по што Банката може автоматски да ја обнови за дополнителни 2 до 5 години, повеќекратно.
Корисникот на картичката има право да го откаже користењето на картичката и пред истекот на рокот на важење и да бара од Банката во негово присуство да ја поништи картичката и да ја објави за неважечка.
Важноста на дополнителната картичка не може да е подолга од рокот на важење на основната картичка.
Корисникот на основната картичка кој дал овластување за користење на дополнителната картичка има право да бара да го откаже натамошното користење на дополнителната картичка пред истекот на рокот на нејзината важност.
Важноста на картичките е отпечатена на лицето на картичката.
Корисникот е должен доколку не сака да ја обнови картичката, најмалку еден месец пред истекот на рокот на важност на картичката, писмено да ја извести Банката дека има намера да го откаже користењето на картичката. Во спротивно, платежната сметка на Корисникот ќе биде задолжена со годишна членарина за издадената дополнителна и/или основна картичка.
Банката има право во секое време да ја замени платежната картичка на Корисникот со друга платежна картичка со исти или слични карактеристики од иста или друга платежна шема (Visa или MasterCard) поврзана со истата денарска платежна сметка, притоа отповикувајќи ја важноста на старата картичка. Во ваков случај, Банката е обврзана најмалку 30 дена претходно да го извести Корисникот за потребата од замена на платежната картичка (или платежната шема на платежната картичка) на најмалку еден траен медиум: веб-порталот на Банката или електронското поштенско сандаче во дигиталното банкарство. Во ваков случај Корисникот ќе биде известен на еден од следните начини: по пат на СМС-порака на телефонскиот број за контакт или со испраќање текстуална порака преку апликација за размена на пораки и повици (Viber, WhatsApp и други) регистрирана со телефонскиот број за контакт или на наведената електронска пошта или писмено известување, согласно последните ажурирани податоци на Корисникот. Трошоците за замена на платежната картичка се на товар на Банката.

**2.3. Надоместоци за користење на картичката**

Корисникот на картичката ѝ плаќа на Банката годишна членарина и други трошоци и надоместоци согласно актите на Банката и тие се составен дел на Тарифата. Тарифата со сите нејзини измени интегрирани во документот (ажурирана последна верзија) е достапна во електронска верзија на најмалку еден траен медиум: на веб-порталот на Банката или во електронското поштенско сандаче во дигитално банкарство (e-banking и m-banking), на видно место на веб-страницата на Банката и во печатена форма во филијалите на Банката. Банката ќе го извести Корисникот за измена на Тарифата најдоцна два месеца пред датумот на нејзината примена. За достапноста на последната ажурирана верзија на Тарифата, Корисникот ќе биде известен на еден од следните начини: по пат на СМС-порака на телефонскиот број за контакт или со испраќање текстуална порака преку апликација за размена на пораки и повици (Viber, WhatsApp и други) регистрирана со телефонскиот број за контакт или на наведената електронска пошта или писмено известување, согласно последните ажурирани податоци на Корисникот. Ќе се смета дека Корисникот ги прифатил предложените измени во надоместоците доколку пред датумот на примена на измените не ја извести Банката дека не ги прифаќа.

Корисникот на картичката ја овластува Банката задолжувањата по основ на платежните трансакции со дебитната картичка (основна и/или дополнителни), како и сите трошоци, надоместоци и членарини поврзани со неа да ги врши од денарската платежна сметка која е поврзана со дебитната картичка, на товар на расположливите средства на платежната сметка и дозволеното пречекорување и/или премолченото должничко салдо кое Банката му го става на располагање во случај кога корисникот нема доволно расположливи средства за задолжување на сметката по овие основи.
Корисникот е должен да ги плати трошоците за изработка на основната и дополнителната картичка, како и другите трошоци од работењето со картичката согласно актите на Банката.
Корисникот на картичката е согласен и ја овластува Банката да ја задолжува неговата платежната сметка и во случај на:

1. камата на дозволено и премолчено должничко салдо;
2. трошоци за членарина и надоместоци;
3. трошоци и провизии за конверзија и
4. други трошоци предвидени во случај на неправилна употреба или непридржување кон условите и правилата

за користење на картичката или евентуална нејзина злоупотреба.

Банката врши дополнителни интерни контроли во врска со примената на Договорот и Општите правила и услови во однос на наплатените надоместоци поради користењето на производите во периодот на важност на Рамковниот договор. Доколку при интерните контроли се утврди дека е наплатен надоместок кој не е согласно Договорот, се применуваат услови поволни за Корисникот и разликата се враќа на платежната сметка на Корисникот.

## 3. КОРИСТЕЊЕ НА КАРТИЧКАТА

### 3.1. Услови за користење на дебитна картичка

Дебитните платежни картички што ги издава Банката го имаат брендот на Visa или MasterCard, тие се глобално прифатени и можат да се користат за сите или за дел од следните употреби:

- Бесконтактни и/или контактни платежни трансакции на ПОС терминал или Банкомат авторизирани со ПИН-код;
- Бесконтактни платежни трансакции за кои не е потребна авторизација со ПИН (платежни трансакции до одреден износ кој Visa/MasterCard го определуваат за секоја земја одделно каде што се прифаќаат нивните картички);
- Интернет (онлајн) плаќања кои се вршат со внес на податоците за бројот на картичката, датум на истекување, а во одредени случаи и CVV/CVC код
- Интернет (онлајн) плаќања авторизирани со СМС ОТП код (англ. OTP – one time password) или засилена автентикација преку мобилното банкарство или на друг начин;
- За засилена Автентикација на корисникот за добивање на Кориснички пристапи и М-токен за дигиталното банкарство на Банката и/или добивање и ресетирање на корисничко име, лозинка или М-токен преку интернет-страницата на Банката;
- Токенизација/дигитализација на платежните картички на Банката во дигитални паричници (Google Pay/Apple Pay/Garmin Pay и сл.);
- Бесконтактни или онлајн плаќања и подигнувања/депонирања на готовина со дигитални паричници во кои платежните картички на Банката можат да се дигитализираат/токенизираат (зачувуваат во енкриптирана форма), при што трансакциите се авторизираат преку дигиталниот паричник и електронски уред.;
- Примање, праќање и депонирање парични средства на банкомати и/или други уреди;
- Други начини за извршување платежни трансакции определени од Visa/MasterCard картичните платежни шеми.

Visa Интернет дебитната картичка се издвојува од другите дебитни картички со тоа што е поврзана со наменска платежна сметка која се користи за плаќања во земјата и во странство и кај оваа картичка доделениот CVV код има улога на ПИН за авторизација на платежните трансакции.

Согласноста, односно авторизацијата на платежните трансакции со дебитните картички на Банката, Корисникот може да ја даде на некој од следните начини:

- Внесување ПИН-код на ПОС терминал или банкомат или на онлајн сервисот на Банката за добивање и/или ресетирање на пристап до дигиталното банкарство;
- Потпис на потврда за извршување платежна трансакција и/или порачка со внесени податоци за картичката;
- Бесконтактно приближување на картичката или уредот во кој е дигитализирана/токенизирана картичката до ПОС терминал или друг уред за прифаќање на картичка без употреба на ПИН-код до одреден износ определен од Visa/MasterCard картичните шеми;
- Онлајн, со внесување на податоците за картичката на интернет, и тоа: број на картичка, датум на важност/истекување на картичката, CVC/CVV код напишани на задната страна на картичката, доколку за конкретно интернет-плаќање продажното место не побара авторизација: со внесување ОТП код или преку мобилното банкарство на Банката или преку дигитален паричник во којшто е дигитализирана/токенизирана картичката;
- Онлајн, со внесување на податоците за картичката на интернет, и тоа: број на картичка, датум на важност/истекување на картичката, и/или CVC/CVV код напишани на задната страна на картичката и авторизација со ОТП код (англ. OTP – one time password), или авторизација преку мобилното банкарство на Банката или преку дигитален паричник во кој е дигитализирана/токенизирана картичката;
- Телефонски, со соопштување на податоците за платежната картичка, и тоа: број на картичка, датум на истекување, CVC/CVV код напишани на задната страна на картичката;
- Биометриски преку мобилната апликација на банката или дигитален паричник во кој е токенизирана/дигитализирана картичката на Банката.

Корисникот на дебитната картичка не може да ја отповика платежната трансакција по нејзиното извршување без согласност на прифаќачот на плаќањето.

Корисникот на картичката и ополномоштеното лице на дополнителната картичка ја користат картичката во рокот на важење отпечатен на нејзиното лице и се должни да ја

чуваат и да ракуваат согласно правилата и актите на Банката. Банката има обврска да издаде ПИН-код до кој ќе има пристап само Корисникот на дебитната картичка. Исклучок е само Visa Internet картичката, каде што CVV кодот кој го доделува Банката е во функција на издаден ПИН-код.

Банката ќе му обезбеди можност на Корисникот да го промени својот ПИН: на банкомат во земјата или на ПОС терминал во филијала на Банката или со користење на дигиталното банкарство на Банката со нова четирицифрена комбинација, позната само на Корисникот.

За извршување на платежните трансакции со платежни картички преку средствата за комуникација на далечина, Банката којшто е издавач на платежната картичка ќе му овозможи на Корисникот и други кориснички сигурносни обележја, различни од ПИН, коишто обезбедуваат исполнување на барањата за засилена автентикација согласно Законот за платежни услуги и платни системи.

Корисникот се обврзува да обезбеди доволно средства на платежната сметка за подмирување на сите обврски кои се настанати од употребата на дебитната картичка и во договорениот рок да ги подмири надоместоците, провизиите и други трошоци.

Основната и дополнителната картичка се сопственост на Банката.

#### 3.1.1. Одговорност за користење на дебитната картичка

Корисникот е должен дебитната картичка, нејзиниот број, датум на важност/истекување, CVC/CVV код кои се напишани на задната страна на картичката, како и личниот идентификациски број (ПИН-код) на дебитната картичка да ги чува доверливо и одговорно со цел спречување злоупотреба на дебитната картичка. Ваквата обврска подразбира: (1) безусловно чување, несоопштување и целосно ограничување на пристапот до овие податоци на кое било друго лице освен корисникот на картичката; (2) незапишување на податоците на каков било друг медиум, хартија или документ кој на каков било начин може да биде достапен до кое било друго лице освен корисникот на картичката; (3) некористење помош од друго лице при внесување на податоците, (4) како и преземање на сите останати разумни и одговорни мерки за целосна дискреција на наведените податоци за да не дојде до злоупотреба на дебитната картичка.

По однос на интернет-плаќањата, Корисникот на картичката е должен да постапува со особена внимателност, да ги има предвид сите укажувања наведени во потточката 3.7.1. став 4 од овие Општи услови и пред да се одлучи да направи какво било интернет-плаќање, да ги изврши сите претходни проверки согласно дадените укажувања. Со моментот на постапување спротивно на дадените укажувања од потточка 3.7.1. став 4 од овие Општи услови или со моментот на вршење на интернет-плаќање без да се земат предвид укажувањата и/или без да се направат потребните проверки наведени во дадените укажувања, ризикот од евентуално настанување на штетни последици преминува врз Корисникот на картичката.

Корисникот целосно ја сноси одговорноста за неовластено користење на дебитната картичка издадена на негово име, вклучувајќи ги и дополнителните дебитни картички во случај на постапување спротивно на Рамковниот договор и овие Општи правила и услови како негов составен дел.

Картичката смее да ја користи само Корисникот на картичката, ополномоштеното лице на дополнителната картичка, односно лицето чии податоци се ембосирани (отпечатени) на картичката. Правото на користење на картичката Корисникот и ополномоштеното лице не можат да го пренесат на друго лице.

Картичката не смее да се користи за какви било незаконски цели, вклучувајќи купување стоки и услуги коишто се забранети со закон.

### 3.2. Располагање со средства преку дебитна картичка

Корисникот на картичката и ополномоштеното лице на дополнителната картичка ја употребуваат картичката само во рамките на расположливите средства на платежната сметка, вклучувајќи го и дозволеното пречекорување на платежната сметка, во рамките на утврдените лимити за плаќање или подигање готовина одредени од страна на Банката.

На средствата на платежната сметка Банката плаќа камата согласно актите на Банката и согласно Договорот.

На дозволеното пречекорување на платежната сметка Банката наплатува камата согласно актите на Банката и согласно Договорот за дозволено пречекорување.

Во случај на недозволено пречекорување (премолчено должничко салдо) на платежната сметка со употреба на картичката, Банката пресметува и наплатува законска казнена камата согласно важечките законски и подзаконски прописи во Република Северна Македонија.

Корисникот на картичката е должен веднаш да ги уплати во корист на Банката потребните средства за покривање на недозволеното пречекорување.

### 3.3. Извршување на трансакции со дебитна картичка

Корисникот на картичката и ополномоштеното лице на дополнителната картичка, дебитната картичка може да ја употребуваат за безготовински и готовински трансакции на сите места што се вклучени во системот на платежната организација чиј бренд го носи картичката.

Во случај на подигање готовина преку банкомати, Корисникот на картичката, односно ополномоштеното лице на дополнителната картичка употребува посебен, личен, идентификационен код (ПИН) кој е уникатен и таен код, доделен од Банката при издавање на картичката, односно дополнителната картичка.

При употреба на картичката во безготовинскиот промет на стоки и услуги и за подигање готовина, Корисникот на основната картичка, односно ополномоштеното лице кое е Корисник на дополнителната картичка, добива потврда за извршената трансакција во печатена или електронска/дигитална форма. Еден примерок од потврдата Корисникот на основната картичка, односно ополномоштеното лице на дополнителната картичка го задржува кај себе и му служи како потврда за извршената трансакција бидејќи Банката дополнително не издава потврда за трансакциите.

Со добивањето потврдата за плаќање или комплетирање на

бесконтактната трансакција, Корисникот неотповикливо се обврзува дека ќе го плати износот на трансакцијата.

За идентификација на Корисникот, односно ополномоштеното лице на дополнителната картичка се употребува личниот идентификациски број – ПИН-код или потписот на Корисникот преку кои се дава согласноста за извршување на платежната трансакција, или дигиталниот паричник во кој е дигитализирана/токенизирана картичката, или преку корисничкиот пристап во мобилното банкарство на Банката. Исклучок од ова се бесконтактните трансакции кои се извршуваат со употреба на ПИН-код, а доколку терминалот (ПОС терминал, банкомат или друг уред) дозволува, трансакциите може до определен износ да се извршат и без употреба на ПИН-код. Исклучок од ова се и трансакциите направени со картичката на интернет, каде што давањето на согласноста за платежната трансакција се врши преку внес на доверливите податоци од картичката, како што се бројот на картичката и датум на истекување. При користењето на картичката на интернет, Корисникот, односно ополномоштеното лице, е должен да постапува согласно безбедносните препораки, кои Банката ги објавува на својата веб-страница, ги доставува по пат на СМС-порака

на телефонскиот број за контакт или со испраќање текстуална порака преку апликација за размена на пораки и повици (Viber,WhatsApp и други) регистрирана со телефонскиот број за контакт или на наведената електронска пошта согласно последните ажурирани податоци на Корисникот.

Сите информации од секоја трансакција реализирана со картичка се запишуваат во компјутерскиот систем на Банката и отттаму тие се прикажуваат на добиените потврди и претставуваат доволен и веродостоен доказ за трансакциите.

Корисникот на основната картичка, односно ополномоштеното лице на дополнителната картичка, е должно да ги чува примероците од документот за плаќање (во печатена или електронска форма), односно подигање готовина, како и потврдите за подигната готовина од банкоматите најмалку 13 месеци од денот на плаќањето, односно подигањето готовина, заради евиденција и реконструкција на податоците во случај на рекламација.

Банката одредува препорачани трансакциски и месечни лимити за користење на картичката во трговија и за подигање готовина, за кои Корисникот на картичката е информиран при подигањето на картичката и тие се јавно објавени на веб-страницата на Банката. Банката го задржува правото да врши промена на трансакциските месечни лимити. Во моментов, во примена се следните трансакциски лимити за дебитните и кредитните картички на Банката:

- 60.000 денари дневен трансакциски лимит за подигнување готовина за сите дебитни/кредитни картички што се издаваат од Банката;
- 150.000 денари лимит по поединечна трансакција во трговската мрежа за Visa и MasterCard дебитните и кредитни картички, односно 250.000 денари лимит по поединечна трансакција во трговската мрежа за Visa/MasterCard Gold/Platinum дебитната или кредитната картичка;
- 300.000 денари месечен трансакциски лимит за безготовински платежни трансакции во трговската мрежа на ПОС терминали за Visa Classic, Visa Интернет и MasterCard дебитните и кредитни картички, односно 600.000 месечен трансакциски лимит за безготовински платежни трансакции во трговската мрежа на ПОС терминали за Visa/MasterCard Gold/Platinum дебитна или кредитна картичка;
- 300.000 денари месечен трансакциски лимит за безготовински платежни трансакции во трговската мрежа на интернет за Visa и MasterCard дебитните и кредитни картички, односно 600.000 месечен трансакциски лимит за безготовински платежни трансакции во трговската мрежа на интернет за Visa/MasterCard Gold/Platinum дебитна или кредитна картичка.

По барање на Корисникот на основната картичка може да се дефинираат поинакви лимити од трансакциските месечни лимити по картичка дефинирани од страна на Банката. Трансакцискиот месечен лимит се однесуваат на картичката и секоја промена на лимитите се однесува за картичката на која се врши промената. При промена на бројот на картичката се поставуваат дефинираните лимити од страна на Банката.

**3.4. Задолжување на платежната сметка со картични трансакции**

Корисникот на картичката е согласен и ја овластува Банката за плаќање и подигање готовина во земјата да ја задолжува неговата платежна сметка, а доколку на платежната сметка нема доволно средства, Банката има право да задолжи друга негова платежна сметка од постоечките или идни приливи. Корисникот се обврзува на платежната сметка да има доволно средства за покривање на сите трансакции направени со основната или дополнителната дебитна картичка. Доколку на платежната сметка нема доволно средства, Банката има право да ја задолжи сметката на товар на дозволеното пречекорување на платежната сметка согласно Договорот за дозволено пречекорување и на товар на премолченото долговно салдо за износот на сите платежни трансакции направени со картичката како и за сите трошоци, членарини и надоместоци направени со картичката. Корисникот на картичката е согласен и ја овластува Банката за плаќање и подигање готовина во странство да ја задолжува платежната сметка со примена на продажен курс за девизи од курсната листа на Банката, како и да ја задолжи платежната сметката со соодветен износ на провизија согласно актите и тарифата на Банката. Доколку на платежната сметка нема доволно средства, Банката има право да ја задолжи неа од идни приливи или друга негова платежна сметка во Банката од постоечките или идни приливи, а Корисникот на картичката е согласен за овој начин на задолжување.

**3.5. Трансакции во странство**

За сите користења на картичката во странство, пресметката се врши во EUR, а задолжувањето се врши согласно курсната листа на Банката за девизи коишто важат на денот на задолжувањето.

Доколку Корисникот има дебитна картичка поврзана со денарска и девизна (EUR) платежна сметка (Visa Gold Debit), Корисникот на картичката е согласен и ја овластува Банката за платежните трансакции направени во EUR да ја задолжи неговата EUR платежна сметка поврзана со картичката, а доколку на неа нема доволно девизни средства, да ја задолжи неговата платежна сметка во МКД поврзана со картичката, со примена на продажен курс за девизи од курсната листа на Банката, како и соодветна провизија (доколку е предвидена) согласно актите и Тарифата на Банката. Кај ваквите картички (Visa Gold Debit), Корисникот е согласен и ја овластува Банката доколку на платежната сметка во МКД нема доволно средства при извршувањето на платежни трансакции во државата (РСМ), да може одобрувањето на платежните трансакции да го прави врз основа на расположливото салдо на EUR платежната сметка поврзана во картичката. Во ваков случај, Корисникот е согласен и ја овластува Банката да изврши соодветен откуп на девизни средства од неговата EUR сметка и истите да ги префрли на МКД сметката на клиентот за покривање на одобрените платежни трансакции на товар на EUR платежната сметка.

Курсните разлики и провизии при конверзијата од останати валути во EUR и од EUR во денари се на товар на Корисникот на дебитната картичката. Трошоците за конверзија помеѓу валутите се на товар на Корисникот на картичката и за тоа корисникот е целосно согласен со прифаќањето на Општите правила и услови за користење на дебитните картички на Банката.

При користење на картичката во странство, Корисникот се задолжува во денарска противвредност на износот изразен во евра, по менувачкиот продажен курс на Банката. Сите трансакции во валути различни од евра, најпрво се разменуваат во евра според официјалниот курс во системот на операторот на картичната платежна шема по која е издадена платежната картичка, па потоа се задолжуваат во денарска противвредност.

**3.6. Откажување и престанок на правото на користење на картичката**

Корисникот има право да го откаже користењето на дебитната картичка во секое време без никаков надоместок со достава на Барање/Изјава за откажување на картичката во која било од филијалите на Банката. Откажувањето од користење на дебитната картичка не значи и откажување од користење на платежната сметка, освен во случајот со наменската платежна сметка поврзана со Visa Интернет дебитната картичка, која наменски се отвара со издавањето на картичката и за која барањето за откажување на Visa Интернет дебитната картичка претставува и барање за откажување од наменската платежна сметка поврзана со неа.

Банката има право да го одземе правото на користење на основната и дополнителната картичката пред истекот на важноста на картичката доколку Корисникот на картичката, како и ополномоштеното лице на дополнителната картичката не се придржуваат кон Општите правила и услови за работење со дебитни картички, како и во случај на злоупотреба на дадените права.

Банката може да го оневозможи користењето на дебитната картичка само ако постојат оправдани причини за тоа, а се поврзани со сигурноста од користењето на дебитната картичка, ако постои сомневање од неовластено и неодобрено користење на дебитната картичка или нејзина злоупотреба, или ако постои зголемен ризик Корисникот да не е во можност да ги исполни своите обврски за плаќање во случај кога користењето на дебитната картичка е поврзано со одобрен кредит, односно дозволено пречекорување на платежната сметка која е поврзана со дебитната картичка.

Во случај на одземање на правото на користење на основната и дополнителната картичката, како и во случај на откажување на користење на картичката од страна на нејзиниот Корисник, Банката ја огласува картичката за неважечка, а Корисникот на картичката е должен веднаш да обезбеди покритие за сите обврски создадени со користењето на картичката.

Корисникот на картичката е должен:

1. да ги врати основната и дополнителната картичка по истекот на важноста, како и на барање на Банката;
2. да ги пријави во Банката евентуалните измени на личните податоци и вработување;
3. да ги пријави во Банката евентуалните измени на контакт податоците, во спротивно ќе се смета дека доставата на кое било известување е уредно извршена;
4. во случај на промена на живеалиште/престојувалиште да ја извести Банката во рок од три дена од извршената промена, во спротивно ќе се смета дека доставата на кое било писмено известување е уредно извршена.

**3.7. Користење на дебитната картичка на интернет**

**3.7.1. Општи одредби и укажувања**

Mastercard и Visa дебитните картички на Банката може да се користат за вршење платежни трансакции преку интернет.

Mastercard и Visa дебитните картички на Банката се регистрирани за 3DES Secure заштита, која претставува меѓународен стандард за заштита од кражба на идентитетот на Корисникот и заштита од злоупотреба на податоците на платежната картичка (број на картичка, датум на важност/истекување и CVC/CVV код).

При вршење платежни трансакции преку интернет, Банката на корисникот ќе му испрати СМС-порака со ОТП код на последно ажурираниот телефонски број за контакт, доколку кумулативно се исполнети два услова, и тоа предметната платежна трансакција да се оцени како ризична или нестандардна за Корисникот и интернет-страницата(продавница) да поддржува 3DES Secure технологија.

При користење на платежната картичка за вршење платежни трансакции преку интернет, Корисникот на картичката е должен да обрне особено внимание на следните укажувања:

- никогаш да не испраќа/проследува податоци за корисничките обележја на платежната картичка (број на картичка, датум на важност/истекување и CVC/CVV код) или доставен ОТП код доколку лично не ја иницира платежната трансакција;
- да купува од проверени/познати интернет-страници;
- да купува од интернет-страници кои ја имаат ознаката Mastercard SecureCode® или Visa Secure. Интернет страниците без оваа ознака го немаат 3D Secure стандардот и носат зголемени ризици од можна злоупотреба;
- никогаш да не го внесува ПИН-кодот на платежната картичка со оглед дека при купување на интернет, продавачот најчесто ги бара следните податоци: име и презиме, адреса, број на платежна картичка, CVC/CVV код и рокот на важност на платежната картичка;
- да се осигура дека интернет-страницата на која се внесуваат податоците од платежната картичка е безбедна имајќи го во предвид следното: показател за безбедност на интернет-страницата е сликичка од клуч или заклучено катанче на долниот десен дел од екранот и интернет-страницата треба да започнува со https:// а не со http://;
- да води евиденција за интернет-страниците од кои купува;
- да не користи јавен компјутер, а доколку сепак купува преку јавен компјутер, да не го користи копчето remember me и да се одлогира (одјави) од интернет-страницата откако ќе ја заврши нарачката;
- да ги провери условите за продажба и откажување на нарачката бидејќи при меѓународни плаќања е можно да биде изложен на дополнителни царински и други трошоци;
- доколку ја откажува нарачката по плаќањето, задолжително да побара број со кој се потврдува откажувањето на нарачката за да избегне плаќање за веќе откажана нарачка;
- да побара телефонски број и е-пошта за контакт со продавачот и тие да ги запише;
- доколку Корисникот добие известување за дополнителна автентикација со еднократен код од 3DES Secure безбедносниот систем, тој ќе му биде испратен во СМС-порака на телефонскиот број што е пријавен во Банката. Откако ќе го добие овој верификациски код, потребна е задолжителна проверка на СМС-пораката, односно увид на трговецот кон кого се врши плаќање, како и износот кој го плаќа. Доколку трговецот и износот од пораката се совпаѓаат со плаќањето, Корисникот го внесува кодот во прозорецот кој ќе се отвори на интернет-страницата со цел да се реализира плаќањето;
- При купување на интернет, Корисникот може дополнително да ги заштити платежните трансакции со интернет лимити. Лимитите се согласност потребите на Корисникот, а доколку дневниот лимит за број или износ е намален на 0, со тоа Корисникот ќе ги оневозможи интернет-трансакциите со платежната картичка. Лимитите за број и износ на платежните трансакции за интернет-плаќања, исто како и оние за плаќање преку ПОС и на банкомат, Корисникот може да ги промени преку дигиталното банкарство (e-banking и m-banking) и јавување во Контакт центарот на Банката.

**3.7.2. Авторизација на платежни трансакции извршени преку интернет со дебитна картичка**

Платежни трансакции кои се извршени на интернет (интернет-продавница) со употреба на дебитна картичка се сметаат за авторизирани од страна на Корисникот доколку при реализација на платежните трансакции се внесени корисничките обележја на дебитната картичка, и тоа: број на картичка, датум на важност/истекување на картичката и/или CVC/CVV код, а во случај на потреба и со внесување на ОТП код, согласно наведеното во потточка 3.1. став 3 алинеја 4 и алинеја 5 од овие Општи правила и услови или се потврдени преку дигитален паричник во кој е дигитализирана/токенизирана картичката или преку авторизација на платежната трансакција преку мобилното банкарство на Банката.

При вршење на платежни трансакции преку интернет со дебитната картичка, Корисникот е должен особено да обрне внимание на наведеното во потточки 3.1.1. и 3.7.1. од овие Општи правила и услови.

Корисничките обележја на дебитната картичка, и тоа: број на картичка, датум на важност/истекување на картичката и/или CVC/CVV код, како и ОТП кодот во случај на потреба од негово внесување, се чувствителни податоци за плаќања кои може да се искористат за измама или злоупотреба поради што тие треба да се чуваат со највисок степен на доверливост и никогаш да не се соопштуваат на кое било друго лице. Секое соопштување на кој било од наведените податоци од страна на Корисникот на картичката на друго лице, вклучувајќи ги и вработените во Банката преку какво било комуникациско средство намерно или поради невнимание, ќе значи давање согласност од страна на Корисникот на картичката лицето на кое му станале достапни наведените податоци да изврши платежна трансакција или серија на платежни трансакции кои според овие Општи услови и правила ќе се сметаат за авторизирани бидејќи таквите податоци станале достапни на друго лице по вина на Корисникот на картичката и спротивно на забраната предвидена во овие Општи услови и правила. Во таков случај, целокупната одговорност за евентуалните штетни последици кои ќе настанат паѓа на товар на Корисникот на картичката кој ќе ги сноси загубите од извршените платежни трансакции.

**3.7.3. Регистрација (токенизирање) на дебитна картичка во дигитален паричник и употреба на дигитализирана (токенизирана) картичка**

Корисникот е должен да се запознае со сите услови под кои Давателот на услуги на дигитален паричник ги нуди своите услуги, вклучувајќи ги условите под кои ги обработува, ги чува и ги употребува личните податоци на Корисникот, како и корисничките (сигурносни) обележја на дебитната картичка.
Условите и начинот на употреба на дигиталниот паричник се уредени со договорот склучен помеѓу Корисникот и Давателот на услуги на дигитален паричник.
Банката не е договорна страна во договорот за користење услуги на дигитален паричник, склучен помеѓу Корисникот и Давателот на услуги на дигитален паричник и не може да биде одговорна за достапноста, ниту за начинот на функционирање на дигиталниот паричник.
Давателот на услуги на дигитален паричник е одговорен за законитоста за обработката на личните податоци на Корисникот на картичката.
Корисникот на картичката во целост ги сноси сите надоместоци и трошоци поврзани со употребата на дигиталниот паричник.
На дигитализираната (токенизирана) картичка се применуваат овие Општи правила и услови.
Рокот на важност на дигитализираната (токенизирана) картичка, како и условите за обнова ги одредува Давателот на услуги на дигитален паричник. Рокот на важност на дигитализираната (токенизирана) картичка може да се разликува од рокот на важност на физичката дебитна картичка.
Доколку Банката за време на важност на дигитализираната (токенизирана) картичка од која било причина ја замени физичката дебитна картичка и притоа не го промени бројот на картичката, со активација на новоиздадената картичка Банката ќе овозможи Корисникот да ја користи картичката како дигитализирана (токенизирана) картичка.
Доколку Банката за време на важност на дигитализираната (токенизирана) картичка од која било причина ја замени физичката дебитна картичка и притоа го промени бројот на картичката, Корисникот можно е да има потреба повторно да ја дигитализира (токенизира) картичката во дигиталниот паричник.
Со престанок на Рамковниот договор врз основа на кој Корисникот ја користи дебитната картичка, како и во случаите кога Банката согласно овие Општи правила и услови ќе му го одземе правото на користење на дебитната картичка, престанува и правото на употреба на дигитализираната (токенизирана) картичка, за штоБанката нема посебно да го извести Корисникот.
За активирање на услугата на дигитален паричник Банката ќе му испрати на Корисникот ОТП код по пат на СМС порака на телефонскиот број согласно последните ажурирани податоци. Испратениот ОТП код Корисникот не смее да го соопшти, односно да го проследи на никого и единствено треба да го користи за регистрирање на услугата дигитален паричник. Активирањето на услугата на дигитален паричник, Банката има право во иднина да го замени со авторизација на дигитализацијата/токенизацијата преку мобилното банкарство на Банката.
Доколку Корисникот на картичката ги проследи корисничките (сигурносни) обележја на дебитната картичка на кое било друго лице, вклучувајќи го и ОТП кодот за активација на дигиталниот паричник и како резултат на тоа другото лице ја дигитализира (токенизира) картичката на Корисникот на картичката, а Банката при доставување на ОТП кодот му укажала дека тој не треба да го споделува со друго лице, ќе се смета дека Корисникот на картичката постапил со крајно невнимание и во целост ги сноси загубите од извршените платежни трансакции кои ќе настанат по соопштување на наведените податоци на друго лице.
Платежните трансакции извршени преку дигитален паричник се сметаат за авторизирани платежни трансакции од Корисникот на картичката.

**3.8. Повторливи претплатничи (recurring) трансакции**

Повторливи претплатнички трансакции се трансакции кои се извршуваат периодично врз основа на однапред дадена согласност од Корисникот на платежната картичка, со што се овозможува автоматско наплатување од страна на одредено продажно место (трговец) без потреба од поединечна авторизација за секоја следна трансакција.
Со иницијалната (првата) трансакција, Корисникот на картичката дава изречна согласност и авторизација за извршување на сите последователни повторливи трансакции од страна на конкретниот трговец, под условите договорени меѓу Корисникот и трговецот (продажното место).
Корисникот е должен да го информира трговецот доколку сака да ја откаже или да ја измени повторливата трансакција. Банката не сноси одговорност за трансакции извршени врз основа на претходно дадена согласност кај кои иницијалната трансакција е авторизирана од Корисникот.
Корисникот може да побара прекин на повторливите трансакции преку Банката доколку достави доказ дека ја отповикал согласноста кај трговецот, но трансакциите продолжиле да се извршуваат. Во спротивно, Корисникот треба да побара блокирање на картичката и реизработка на нова картичка со наплата на трошок согласно Тарифата на Банката.
Банката ги процесира повторливите трансакции согласно добиената иницијална авторизација и нема обврска да бара дополнителна согласност од Корисникот за секоја поединечна трансакција.

**4. РЕКЛАМАЦИИ**

За сите евентуални рекламации во врска со податоците за состојбата на платежната сметка при употребатата на картичката, Корисникот на картичката се јавува во Банката и ги поднесува документите за извршените плаќања, подигање готовина и друга расположива документација.
Банката нема никаква обврска во врска со рекламациите за доставата или квалитетот на стоките и услугите што се платени со основната или дополнителната картичка.

Доколку Корисникот рекламира производ/услуга кон продажното место, Корисникот е должен да ги подмири обврските кон Банката, независно од спорот со трговецот.
Доколку Корисникот на картичката смета дека некои од трошоците се погрешно пресметани и прокнижени или дека не му припаѓаат, може да се обрати до Банката поднесувајќи ги сметките и сите останати релевантни документи кои Банката може да ги побара.
Рокот за поднесување на рекламации за извршена неавторизирана платежна трансакција или неправилно извршена платежна трансакција е 13 месеци од датумот на задолжувањето. Доколку Банката утврди дека рекламацијата е оправдана, ќе ја одобри сметката на Корисникот на основната картичка, а во случај на неоправдани рекламации, Корисникот ги сноси сите трошоци кои произлегуваат од постапката за рекламација. Услов за поврат на износ по извршена трансакција со картичката е да се поднесе рекламација од страна на Корисникот на картичката. За потребите на Рекламацијата, Корисникот е должен да чува и да приложи копија од потврдата за извршеното плаќање (слип/e-mail).
Согласно Законот за платежни Услуги и платни Системи, Корисникот (плаќачот) е одговорен за извршени неавторизирани платежни трансакции или злоупотреба на платниот инструмент до максимален износ од 1.200 денари или соодветна противвредност во други валути.
Доколку Корисникот поднесе рекламација за платежна трансакција која била реализирана пред повеќе од 100 дена, Банката има право да побара од Корисникот да достави образложение за оправданоста на подоцнежното оспорување на трансакцијата, поради кое (доцнење) Банката може да не биде во можност да ги оспори трансакциите кон платежните шеми Visa или MasterCard. Ова образложение не е предуслов за Банката да ја разгледува предметната рекламација.

## 5. РЕИЗДАВАЊЕ НА КАРТИЧКА

Корисникот на картичката, односно ополномоштеното лице на дополнителната картичка, е должен губењето, кражбата или сомнението за злоупотреба на основната, односно дополнителната картичка да го пријави во Банката телефонски со цел нејзино блокирање, а доколку е потребно, да го пријави и во најблиската служба на Министерството за внатрешни работи. Корисникот има можност да ја блокира картичката електронски преку електронското банкарство на Банката доколку е негов корисник. Доколку Корисникот ја пронајде картичката по пријавата за изгубена, украдена или злоупотребена, не смее да продолжи да ја користи и е должен веднаш да ја поништи. Во спротивно, Корисникот во целост ја сноси одговорноста и ризикот од неовластено користење на картичката.
Во случај на губење, кражба или сомневање за злоупотреба на основната или дополнителната картичка, на барање на Корисникот на картичката, Банката издава нова, со нов број на картичка.
Банката не одговара за штетата што ја има Корисникот од евентуално користење на изгубена, украдена или злоупотребена картичка. Целата материјална штета, заедно со евентуалните курсни разлики, ја поднесува Корисникот на картичката.
Корисникот не сноси одговорност за трансакциите кои се извршени по пријавување на картичката до Банката за изгубена, украдена или злоупотребена, освен ако самиот извршил злоупотреба на картичката или учествувал во злоупотреба.
Корисникот е согласен Банката да изврши блокирање на картичката заради објективно оправдани причини поврзани со:

- сигурноста на картичката
-сомнеж за неавторизирано или измамничко користење на картичката или
- значително зголемен ризик дека Корисникот на картичката нема да може да ги исполни своите парични обврски поврзани со кредитната линија, во случај на употреба на платен инструмент со одобрена кредитна линија.

Банката може да доставува информација за изгубената картичка до мрежата на овластени прифаќачи на картички во земјата и странство.
Банката може да доставува информации до мрежата на овластени прифаќачи на картички во земјата и во странство и во случај на одземање на правото на користење на основната, односно дополнителна картичка, како и во случај на откажување на користење на основната, односно дополнителната картичка, од страна на Корисникот на картичката.
Во случај на реиздавање на основната или дополнителната картичка пред истекот на рокот на важење поради губење, кражба или сомневање за злоупотреба на барање на Корисникот на картичката, Банката ќе ја замени со нова, а трошоците во врска со заменетата картичка се на товар на Корисникот на картичката.
Во случај на оштетување на основната или дополнителната картичка пред истекот на рокот на важење, на барање на Корисникот на картичката, Банката ќе ја замени оштетената картичка со нова.
Во случај на оштетување на основната или дополнителната картичка трошоците во врска со заменетата картичка се на товар на Корисникот на картичката.

## 6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Банката кон Корисникот на картичката ги применува меѓународните правила на работење на платежната организација чиј заштитен знак стои на картичката (Visa или MasterCard), како и овие општите правила и услови.
Секоја промена на меѓународните правила на работење на платежната организација чиј заштитен знак стои на картичката (Visa или MasterCard) е задолжителна за Банката и Корисникот.

Банката и Меѓународните платежни институции го задржуваат правото за воведување дополнителни привилегии/услуги за корисниците на картички, како и за нивно времено или целосно укинување без претходна најава и согласност од Корисникот.
Корисникот на картичката е согласен податоците од картичката Банката да ги доставува до платежната организација чиј заштитен знак стои на картичката заради обезбедување на користење на картичката во мрежата на платежната организација во целиот свет.
Банката го задржува правото на измена на овие Општи услови и правила, како и Тарифата за надомест на услуги на Стопанска банка АД - Скопје и Одлуката за каматни стапки на Стопанска банка АД - Скопје согласно со деловната политика на Банката, а Општи услови и правила, како и Тарифата за надомест на услуги на Стопанска банка АД - Скопје со сите нивни измени интегрирани во документите (ажурирани последни верзии) се достапни во електронска верзија на најмалку еден траен медиум: на веб-порталот на Банката или во електронското поштенско сандаче во дигитално банкарство (e-banking и m-banking), на видно место на веб-страницата на Банката и во печатена форма во филијалите на Банката. За достапноста на последните ажурираните верзии од овие Општи услови и правила, како и Тарифата за надомест на услуги на Стопанска банка АД – Скопје, Корисникот ќе биде известен на еден од следните начини: по пат на СМС-порака на телефонскиот број за контакт или со испраќање текстуална порака преку апликација за размена на пораки и повици (Viber, WhatsApp и други) регистрирана со телефонскиот број за контакт или на наведената електронска пошта или писмено известување, согласно последните ажурирани податоци на Корисникот. Корисникот има право да ги прифати или да не ги прифати предложените измени и дополнувања од став 5 од оваа точка и потточка 2.3. став 1 од овие Општи услови и правила пред датумот на примена на измените и дополнувањата и за прифаќањето или неприфаќањето ја известува Банката.
Доколку пред датумот на примена на предложените измени и дополнувања Корисникот не ја извести Банката дека не ги прифаќа, ќе се смета дека Корисникот ги прифаќа предложените измени и дополнувања.
Во случај Корисникот да не ги прифаќа предложените измени и дополнувања, тој е должен да ја врати картичката во Банката или да ја поништи и задолжително да пополни Изјава/Барање за затворање на картичката.
Корисникот има обврска да ги надомести сите трошоци кои се настанати до моментот на раскинување/престанок на договорниот однос.
Секое користење на картичката кое е спротивно на Општите правила и услови повлекува автоматско одземање на основната и дополнителните картички, преземање мерки согласно важечките законски прописи, а целокупната материјална штета ја сноси Корисникот на основната картичка.
За сè што не е предвидено со овие Општи правила и услови, ќе се применуваат важечките законски прописи и интерните акти на Банката. Во случај на спор помеѓу Банката и Корисникот на картичката, надлежен е Основен граѓански суд Скопје.
Овие Општи правила и услови се важечки од 05.10.2025 година, па во иднина.

## ПРАВИЛА И УСЛОВИ НА СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КРЕДИТНИ ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Стопанска банка АД – Скопје (во понатамошниот текст: Банка) издава кредитни платежни картички од картичните платежни шеми сопственици на брендовите Visa и MasterCard.

За издавање на конкретниот вид кредитна платежна картичка, заинтересираните клиенти потребно е да поднесат Барање (Апликација) со посета на некоја од филијалите на Банката, преку онлајн сервисите на Банката или телефонски преку Контакт центарот. Барањето за издавање на кредитна платежна картичка воедно претставува и барање за отворање наменска кредитна платежна сметка наменета за извршување на одливни платежни трансакции исклучиво преку кредитната картичка.

За издавање на кредитните платежни картички Банката му отвора на клиентот посебна наменска кредитна платежна сметка која може да се користи исклучиво само за одливни платежни трансакции поврзани со кредитната картичка.

Наменската кредитна платежна сметка не може да се користи за извршување на кредитни трансфери и други одливни трансакции кои не се засновани на кредитната платежна картичка. На оваа сметка корисниците на кредитната платежна картичка можат да извршуваат уплати преку филијалите на Банката, преку банкоматите на банката овозможени за тоа или преку други платежни сметки (отворени од Стопанска банка АД – Скопје или други банки) во државата преку кои можат да се извршуваат кредитни трансфери.

Условите за користење на кредитната платежна картичка, расположливиот кредитен лимит, каматната стапка и сите други трошоци и надоместоци поврзани со неа се регулирани со посебен договор кој Банката го потпишува со корисниците на кредитната платежна картичка.

Карактеристиките и условите за обновување, издавање, блокирање и друго (од точка 1 до точка 6 од Општите правила и услови на Стопанска банка АД Скопје за користење на платежни картички за физички лица), поврзани со извршување на платежни трансакции засновани на картички, кои важат за дебитните платежни картички и се содржани во Општите правила и услови за користење на дебитни картички за физички лица, важат и за кредитните платежни картички што ги издава Банката.

Банката има право во секое време да ја замени издадената кредитна платежната картичка на Корисникот со друга платежна картичка со исти или слични карактеристики од иста или друга платежна шема (Visa или MasterCard) поврзана со истата денарска платежна сметка, притоа отповикувајќи ја важноста на старата картичка. Во ваков случај, Банката е обврзана најмалку 30 дена претходно да го извести клиентот за потребата од замена на платежната картичка (или платежната шема на платежната картичка) на најмалку еден траен медиум: веб-порталот на Банката или електронското поштенско сандаче во дигиталното банкарство. Во ваков случај, Корисникот ќе биде известен на еден од следните начини: по пат на СМС-порака на телефонскиот број за контакт или со испраќање текстуална порака преку апликација за размена на пораки и повици (Viber, WhatsApp и други) регистрирана со телефонскиот број за контакт или на наведената електронска пошта или писмено известување, согласно последните ажурирани податоци на Корисникот. Трошоците за замена на платежната картичка се на товар на Банката.

Издадените кредитни картички се поврзани со месечен кредитен циклус по истекот на кој Банката доставува до Корисникот месечен извод/преглед во кој е наведен вкупниот долг и месечниот минимум (минимален износ за отплата), како и известување за сите промени во условите на работење со картичката. Овој месечен извод/преглед го става на располагање на Корисникот во електронска верзија преку: дигиталното банкарство (i-bank сервисот) и на електронската пошта на Корисникот, а на барање на Корисникот и во бесплатна печатена верзија во филијалите на Банката.